ФАБРИКА ЗА ЗАВАРЕНИ ЦЕВКИ И ПРОФИЛИ
11 ОКТОМВРИ АД
КУМАНОВО, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

TÜVNORD
TÜV NORD CERT GmbH
ISO 9001
ISO 14001
ISO 45001
tuev-nord.de

License No.5L-0177

Жиро сметка: 300090000003087 Комерцијална Банка А.Д. Скопје
Единствен даночен број:MK4017991106167

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА

# ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО

**За Период Јануари-Декември 2025 година**

ул. 11-ти Ноември бр.87А, 1300, Куманово, Република Северна Македонија тел: +389 (0) 31 412 281
arhiva@fzc11oktomvri.com.mk, toni@fzc11oktomvri.com.mk

СОДРЖИНА

Страна

1. Основни податоци за друштвото ФЗЦ 11 Октомври АД 1

2. Карактеристики и организациона структура 2

3. Управување со финансиски ризик и финансирање 4

4. Зделка со заинтереисрана страна 5

5. Политика на Вложување-Инвестиции 5

6. Основни показатели во физички за остварено производство и остварена реазлизација 6

7. Преглед на остварени економско финансиски резултати во 2025 и 2024 година 10

- Показатели на финансиската стабилност за 2025 година 12

8. Изјава за Примена на кодекс за корпоративно управување 16

## 1. *Основни йодайоци за ФЗЦ 11 Окшомври АД Куманово*

ФЗЦ 11 Октомври е основана во далечната 1952 година, а првите искуства во областа на производството на цевки од челичен лим ги бележи во 1956 година.

Почетниот производен програм го сочинуваше широк асортиман на разновидни производи, каде што покрај заварени челични цевки се произведуваа и лимени конструкции, производи за домаќинство, угостителство и.т.н.

Меѓутоа, набргу од 1958 година Фабриката ја согледа потребата за специјализирано производство, кое од тогаш е насочено кон високо сериско автоматизирано производство на заварени челични спроводни и конструктивни цевки, профили и површински заштитени цевки од сите видови и димензии. Со тоа ФЗЦ 11 Октомври стана препознатливо име во Европа и на светскиот Пазар.

Од 2015 година, мнозинскиот акционер во ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово е Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ ПРОМ Дооел Увоз-Извоз Куманово.

Примарна визија на мнозинскиот акционер е ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово да постане лидер во производството на заварени челични цевки, профили и површински заштитени цевки со постојано унапредување на производството и развој на нови производи заради задоволување на барањата на нашите познати купувачи и освојување на нови пазари и нови купувачи како и, враќање на пазарите на кои Компанијата веќе била присутна во минатото,намалување на трошоците на производство и подобрување на работните процеси, зголемување на рентабилноста и конкурентноста со цел зголемување на приходите и профитот на самото друштво.

Денес ,високите критериуми за изработка на своите производи,ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово, го потврдуваат неговиот статус на гигант, не само на овие простори туку и многу пошироко, со препознатливи производи од признаен квалитет према најновите национални, европски и светски стандарди (DIN, BS, NF, UNI, GOST, EN, ISO, API, ASTM и.т.н.)

Иако најголем дел од производите се извозно ориентирани на пазарите во Западна Европа, во последната деценија во услови на големи политички, економски и социјални промени и трансформации, како и воени кризи и кофнликти, Фабриката успеа не само да го задржи стекнатото реноме, туку и да постигне значителни резултати во обезбедување со квалитет, што се огледа во бројни меѓународни сертификати од реномирани контролни институции ,API 5L, CE маркација, PED садови под притисок, ISO 14001, ISO 45001 како и сертификатот за Систем за Менаџмент со Квалитет ISO9001. Добиените сертификати се гаранција за исполнување на барањата на нашите купувачи и претставуваат основа за нивната доверба.

Разновидноста на формите и можноста за избор на челикот, отворија нови домени на примена, овозможувајќи им дури и на малите корисници да пристапат кон нивната употреба .Развојот во транспортот на флуиди и примена на цевоводи со цементна,епокси и полиетиленска заштита, ја диктираше експанзијата во областа на спроводни цевки.

Истовремено, високата градба, иднустриските, аграрните и спортските објекти, индустријата за транспортни средства,градежната браварија и изградба на сообраќајници се само некои од можностите за употреба на цевки и профили како конструкциони елементи.

## *2.Карактеристики и организациска структура*

Управувањето на Фабриката е организирано во едностепен систем со кој управува Одбор на Директори, составен од три члена, од кои еден е Извршен Директор , а другите два члена се неизвршни директори.

Месечните примања на Извршниот член на Одборот на директори е согласно Договорот за утврдување на правата, обврските, одговорностите, платата и другите примања на Извршниот директор и изнесуваат 90.000,00 денари нето плата.

Извршниот директор има примања во други друштва,во форма на договор на дело, согласно правата од лиценците кои ги поседува , и притоа нема засновано работен однос кај други работодавачи.

Посебни бонуси за Извршниот директор нема.

Месечните примања на неизвршните членови на Одборот на директори во текот на 2025 година, се по 20.000,00 денари.

Еден од членовите на неизвршните директори, има засновано редовен работен однос кај друг работодавач. На нето примања на неизвршните директори се плаќа персонален данок според утврдените законски прописи.

Фабриката е организирана во 11(единаесет) организациони единици и тоа:

1. Менаџмент, служба за внатрешна Ревизија, Инженер за безбедност и здравје при работа и Лабораторија
2. Производство 1
3. Одржување и изработка на резервни делови
4. Производство 2
5. Управување со Квалитет
6. Развој и подготовка
7. Комерција
8. Економија и Финансии
9. Електронска обработка на податоци
10. Човечки ресурси
11. Правен сектор

ФЗЦ 11 Октомври АД, има основано друго друштво со ограничена одговорност ДИГИНТРАНС ДООЕЛ, во кое има удел од 100%. Основна дејност на ова друштво е Технички испитувања и анализа. Целта и намената на ова друштво е фабриката да има брз пристап до неопходните услуги за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на дигалки и индустриски транспортери.

Фабриката исто така има удел во мешовитото претпријатије во Комотини-Грција. Според Решение од Министерство за надворешни работи на РМ прашањето околу легална работа на нашите работници таму и понатаму останува отворено.

### *3. Управување со финансиски ризик и финансирање*

Економските предвидувања претставуваат особен предвизик поради високото ниво на несигурност кој го доживеа светот во изминативе неколку години, кризата се претвори во шок кој неминово ги погоди речиси сите економски субјекти.

Друштвото во своето работење беше изложено на повеќе видови на ризици како што се: ризик од промена на девизните курсеви, пазарните вредности и цените, кредитен и каматен ризик . Пристапот на друштвото во управување со финансиските ризици е насочен кон проценка на непредвидливоста на финансискиот пазар, следење на приливи и одливи на парични средства, поединечно следење на позначајни комитенти кои можат да влијаат на финансиската стабилност како и процедури за следење на посебни финансиски извори (банкарски кредити, заеми и сл) .

За разлика од изминативе години кога Фабриката во најголем дел работеше со сопствени извори на средства, последниве години, поради потешкотии во одржување на ликвидноста приморани сме да работиме и со краткорочни и долгорочни задолжувања. Потребите за набавка на основниот репроматеријал ги покрива деловната банка со издавање на акредитиви на основ на хипотека и залог дадени на дел од основни средства за одобрен рамковен кредит од цирка 8.000.000 ЕВРА.

Мнозинскиот акционер на Фабриката,како и менаџментот прават максимални напори политиката на управување со ризик да биде сведена на најмала можна мерка. Во прилог на ова е фактот што сите поголеми зделки Фабриката ги решава во директна врска со нашите партнери а зделките со заинтересирана страна преку наше учество како кооперант со други учесници на тендери во државата и надвор од државата.

Во текот на 2025 година Фабриката нема стекнато сопствени удели ниту сопствени акции. Во поглед на политиката на дивиденди, нема исплати ,и оваа година се насочивме во функција на зголемување на развојните можности, односно подобрување на индустриската опрема.

### *4. Зделка со заинтересирана страна*

За разлика од претходната 2024 година, во 2025 година немавме Собрание на Акционери за одлучување за зделки со заинтересирана страна со што остануваат на во редовно функционирање претходно постигнатите договори како што е договорот од 10ти Декември 2024 кога на Вонредно Собрание на Акционери, се одобрија склучување и реализација на зделки со поврзани друштва и тоа:

-КВАЛИТЕТ-ПРОМ Дооел Куманово. Склучување на договор за заем, каде што заемодавател е Квалитет-Пром а заемопримач е ФЗЦ 11 Октомври АД. Вкупната вредност на договорот изнесува 400.000.000 денари за период од 5 години. Паричните средства од заемодавателот ќе се користат за редовното функционирање на друштвото .

### *5. Политика на вложувања*

Со оглед на неповолното глобално опкружување, кое влијае врз активноста на домашните компании пред се на извозно ориентираните, посебно во услови кога оствареното производство и реализација се на граница на опстанок, Фабриката немаше направено некои поголеми вложувања во поглед на модернизација и проширување на производните капацитети на друштвото како и претходната година која за разлика од 2023 година кога издвои **16.306.508денари** за техничко-технолошко подобрување на капацитетите во производствените погони. Друштвото тековната 2025 година ангажираше овластен проценител, кој изврши проценка на градежните објекти во Фабрика 2, со претходно донесена одлука од страна на Одбор на Директори. Со цел согледување на реалната слика на вредноста на објектите.

Меѓутоа во услови на динамична економија пласманот кореспондира со инвестиции. Нашата главна цел е, и останува, модернизација на фабриката за нејзин развој во нареден период.

Изгледите за идниот развој на Фабриката и активностите во сферата на истражувањето и развојот меѓу себе се испреплетуваат и надополнуваат. Активностите во сферата на истражувањето и развојот се насочени пред се кон истражување на пазарите за изнаоѓање нови можности за примена на нашите производи па аналогно на тоа и изгледите за идниот развој се темелат на доопремување на опремата и усовршување на производната програма према барањата на пазарот.

***6.Основни показатели во физички обем за остварено производство и реализација***

**ОПШТИ ОСНОВНИ ПОКАЗАТЕЛИ ВО ФИЗИЧКИ ОБЕМ**

| | | | **2024 год** | **2025 год** | **индекс** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Остварено производство | - | 1.126 тони | 4.916 тони | 437 |
| 2. | Остварена реализација | - | 895 тони | 2.188 тони | 244 |
| | Од тоа : Извоз | - | 630 тони | 1.902 тони | 302 |
| | Домашен пазар | - | 265 тони | 286 тони | 108 |
| 3. | Работна сила (просечен број) | - | 92 | 67 | 73 |
| 4. | Продуктивност на трудот | - | 12.24т/лице | 73.37т/лице | 599 |

По преземањето на фабриката од страна на мнозинскиот акционер и неколкуте релативно добри години со произведени 35.000 тони цевки и профили, Македонското производство се соочи со жесток удар од Европската Унија. При крајот на 2018 година, Европската унија воведе контингени за нашиот вид на производи со што ја ограничи реализацијата кон земјите во ЕУ. Ова водеше кон намалување на реализацијата а следствено и на оствареното производство во 2019 година од 18.940тони, кое во однос на 2018 истото е намалено за 29%. Нов удар врз нашата индустрија зададе и една од поголемите кризи која се случи ширум целиот свет-ковид пандемијата. Оваа криза го продолжи трендот на опаѓање на оствареното производство и во 2020 год, каде што, е

остварено производство од 14.761 тони и истото е намалено во однос на 2019година за 22%. Најголемата разлика се почуствува во 2021 год, со остварено производство од 3.186тони кое е за 78%намалено во однос на 2020 год. Иако во овој период се очекуваше напредок, сепак Европската Комисија во 2021 година ги продолжи ограничувањата на пазарот на челик, за наредни три години. Првенствено овој механизам требаше да биде заштита од неконтролираниот прилив на евтин увоз од Кина, но се покажа како директна бариера за сите други земји кои не се членки на Европската Унија.

Ефектите од изминатите години го наплатија својот данок. Трошка надеж за подобрување на иднината ни покажа 2022 година. Оствареното производство евидентираше зголемување од скоро 113% во однос на претходната година. Сепак деловната 2023та година не успеа да го задржи истиот тренд на производство.Физичките показатели укажуваат на намалување од речиси 63% во однос на 2022 година. Претходната 2024та година тој тренд на опаѓање на производство продолжи, со намалување на остварено производство од 55% во однос на деловната 2023 година. Во деловната 2025 година го оствариме нашиот максимум во производство, во последните 3 години. Тековната 2025 година во однос на 2024 година има раст во остварено производство 337 %, иако беше економски тешка година, јасно покажува дека и во овие услови Фабриката произведува со зголемен капацитет во однос на претходните 2 години и се надеваме на подобрување на целосната економската слика на Компанијата.

Остварената продуктивност на трудот е во постојана флуктација, детерминирана од побарувачката и производството, во 2024 година продуктивноста по единица работна сила изнесуваше 12.24тони, и истата е намалена за речиси 31% во однос на 2023 година. Меѓутоа и во тој поглед во Фабриката имаме позитивен тренд на раст, деловната 2025 година во поглед на остварена продуктивност по едници работна сила изнесува неверојатни 73.37 тони, зголемена во однос на 2024 за неверојатни 499% по работник, имаме најдобра бројка во последните 5 години.

## ОСТВАРЕНО ПРОИЗВОДСТВО ПО РАБОТНИ ЕДИНИЦИ ЗА 2025 ГОДИНА

| Ред Бр. | Работна едниница (РЕ) | 2024 год. | | 2025 год. | | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | тони | % на учество | Тони | % на учество | |
| 1 | ВЦП | 11 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | ВНЗЦ | 280 | 25 | 175 | 4 | 63 |
| 3 | ВСЦП | 835 | 74 | 4741 | 96 | 568 |
| | **ВКУПНО** | **1.126** | **100** | **4.916** | **100** | **437** |

ФЗЦ 11 Октомври своето производство го има организирано во три работни единици и тоа:

I. Валавница за цевки и профили ВЦП ;
II. Валавница за надолжно заварени цевки ВНЗЦ и,
III. Валавница за средни цевки и профили ВСЦП

Вкупното производството по работни едници во фабриката е зголемено за речиси 337%. Компаративно по Работни единици во вкупното остварено производство од 4.916 тони **РЕ ВЦП** нема никакво учество оваа година, бидејќи оваа година во оваа единица немаше производство. Во оваа работна единица се произведуваат високофреквентно индукативно заварени челични цевки со дијаметар од Ø8 до Ø168,3 mm. Овие цевки имаат најширока примена од високо индустриски намени се до домаќинства. Сепак нивното производство во голема мера е ограничено од постепената замена со пвц цевки . **РЕ ВНЗЦ** зазема учество од 4%, производството на оваа единица се надолжно заварени цевки со SAW постапка, каде се произведуваат цевки со дијаметар од Ø457 до Ø1620mm, најмногу наменети за специјализирани индустрии како хидроцентрали, рудници, термоелектрани и слично. Додека производството од **РЕ ВСЦП** има најголемо учество од 96 % во вкупното производство. Оваа работна единица произведува спроводни и конструктивни челични цевки со дијаметар од Ø159 до Ø610mm, како и топло обликувани квадратни и правоаголни профили со дименизија од 120x120 до 400x400 и 150x100 до 500x300 изработени од специјални челици предвидени за употреба на ниски температури до -50 степени. Производите од оваа РЕ, најголема примена наоѓаат на проектите за гасификација и топплификација .

## ОСТВАРЕНА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО РЕ ЗА 2025 ГОДИНА

| Ред Бр. | Р.Е | 2024 год. | | 2025 год. | | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | тони | % на учество | Тони | % на учество | |
| 1 | ВЦП | 171 | 19 | 102 | 5 | 60 |
| 2 | ВНЗЦ | 59 | 7 | 77 | 3 | 131 |
| 3 | ВСЦП | 665 | 74 | 2008 | 92 | 302 |
| | **ВКУПНО** | **895** | **100** | **2.187** | **100** | **244** |

Вкупно остварената реализација во 2025 година наспроти 2024 е зголемена за 144%. Податоците укажуваат на фактот дека остварената реализацијата оди во нагорна линија како и претходно наверените параметри. Компаративно по работни единици, производите од РЕ ВЦП учествуваат со 5%, а РЕ ВНЗЦ со 3% во вкупната реализација. Овие производи се најчесто наменети за домашен пазар, за разлика од нив РЕ ВСЦП има учество од 92% од вкупната реализација, и овие производи најголем процент се реализираат кон Европскиот Пазар.

## ОСТВАРЕНА РЕАЛИЗАЦИЈА ВО 2025 ВО ОДНОС НА 2024 ГОДИНА

| | 2024 | | 2025 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | тони | % | тони | % | Индекс |
| Странски пазар | 630 | 70 | 1.902 | 87 | 302 |
| Домашен пазар | 265 | 30 | 285 | 13 | 108 |
| **Вкупна резализација** | **895** | **100** | **2.187** | **100** | **244** |

Во текот на деловната 2025 година Фабриката оствари реализација од 2.187 тони, на сопствени производи . Во споредба со оствареното производство од 4.916 тони, реализацијата е помала за 55% што значи дека во 2025 година не е продадено целосно ново оствареното производство, останатиот дел на залиха е продаден во Февруари 2026 година. Ова пред се се должи на примена на принципот на работа на фабриката- Make to

Order, каде што примарна цел е производство проследно со сигурна реализација, без акумулирање на големи количини залихи.

Од вкупно остварена реализација во износ од 2.187 тони цевки и профили, 1.902 тони или 87% се продадени на странскиот пазар,или споредено со 2024 година раст од 202%, тоа посебно се должи активностите кои ги превзема Фабриката на постепено зголемување и користење на своите производни капацитети дури и во време на нестабилните политики во светот, војна како што е Русија-Украина и мерките превземени од Европска Унија спрема Русија, каде што со својата конвенција 833/2014 од Јуни 2023 и е сеуште на сила, создаде значајни административни бариери за земјите извозници од Балканот. Реализација од 285 тони или 13% му припаѓа на домашниот Пазар, кој во споредба со изминатата година покажува зголемување од 8%.

Во наредниот период наш најголем предизвик и понатаму останува справувањето со енергетската криза, зголемената инфлација како и потешкотиите за реализација на странските пазари. Компанијата и покрај справувањето со предизвиците ги превзема сите потребни активности во насока на остварување на поставените цели.

### *7. Преглед на остварени Економски-Финансиски резултати во 2025година*

*- 000 денари*

| Ред. Бр | ЕЛЕМЕНТИ | 2025 год. | | 2024 год. | | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Износ | струк.% | Износ | струк.% | |
| | *А. ПРИХОДИ* | | | | | |
| | I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕ (1+2+3) | 148.264 | 99.7 | 72.843 | 98.9 | 204 |
| 1 | Приходи од продажба | 148.025 | 99.8 | 72.278 | 99.2 | 205 |
| 2 | Останати приходи | 239 | 0.2 | 565 | 0.8 | 42 |
| 3 | Капитализирани сопствени производи и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | II. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 423 | 0.3 | 815 | 1.1 | 52 |
| | **ВКУПЕН ПРИХОД ( I + II ):** | **148.687** | **100** | **73.658** | **100** | **202** |

| | *Б. РАСХОДИ* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Промена на залиха на готови производи и производство во тек | -22.441 | -8.01 | -6.687 | -4.46 | 336 |
| 5 | Трошоци за суровини и други материјали | 148.101 | 53.09 | 39.068 | 26.04 | 379 |
| 6 | Трошоци за вработени | 47.690 | 17.09 | 53.794 | 35.86 | 89 |
| 7 | Амортизација | 47.936 | 17.18 | 33.076 | 22.05 | 145 |
| 8 | Останати оперативни расходи | 9.425 | 3.37 | 6.655 | 4.43 | 142 |
| 9 | Набавна вредност на продадени стоки, материјали и услуги | 21.925 | 7.85 | 13.908 | 9.27 | 158 |
| 10 | Вредносно усогласување на тековни средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Финансиски расходи | 26.313 | 9.43 | 10.216 | 6.81 | 258 |
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **278.949** | **100** | **150.030** | **100** | **186** |
| 12 | Загуба /Добивка од редовно работење | -130.262 | 100 | -76.372 | 100 | 171 |
| 13 | Данок на добивка | - | - | - | - | |
| 14 | Нето загуба/добивка за деловната год | -130.262 | 100 | -76.372 | 100 | 171 |
| 15 | Фонд за резерви | - | - | - | - | |
| 16 | Нераспределена добивка | - | - | - | - | |

Во деловната 2025 година Фабриката оствари вкупен приход во износ од 148.687.250 денари и во споредба со 2024 година приходите се зголемени за 102%. Најголемо учество во структурата на вкупниот приход имаат приходите од продажба со 99,8%.

Во поглед на вкупно остварените расходи, деловната 2025 покажа трошоци од работење во износ од 278.949.576 денари и во споредба со 2024 година истите се зголемени за 86%. Во нивната структура најголемо учество со 50,09% односно со 148.101.197 денари , имаат трошоците за суровини и материјали, кои во однос на 2024 година се зголемени за 279%.

Втор по ред најголем расход кој влијае на резултатот се трошоците за амортизација на материјални и наматеријални средства од 17,18% и истите се зголемени за 45% за разлика од деловната 2024 година, како резултат на зголемена вредност на Ревалоризирани средства. Вкупни трошоци амортизација за 2025 година изнесуваaат 47.936.653 денари

Трошоците за вработени, како што се трошоци за плати и придонеси изнесуваат 17,09% односно 47.689.942 денари и истите во однос на 2024 година се намалени за 11%.

Останатите оперативни расходи во износ од 9.424.938 денари, се поголеми за 42% во однос на истите од 2024 година. Во нивната структура се вклучени трошоци од работењето како што се нематеријални трошоци, трошоци за исхрана на работници, даноци и придонеси кои не зависат од резултатот, дневници за службени патувања, премии за осигурување, банкарски услуги и трошоци за платен промет, трошоци за репрезентација и друго. Овие расходи учествуваат со 3.37% во вкупните расходи на деловната 2025година.

Финансиски расходи односно расходи по основ камати и курсни разлики остварени се во износ од 26.313.130 денари, со учество од 9.43 % во вкупните расходи овие трошоци бележат зголемување во однос на претходната година од 158%. Каматните стапки се условени од движењето на инфлацијата,нејзиното зголемување како и намалениот економски раст неславно водат кон зголемување и на каматите а со тоа директно влијаат врз економската стабилност.

## ПОКАЗАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ ЗА 2025 ГОДИНА

1. Финансиска сигурност = траен капитал / вкупни извори на деловни средства = 753.953.507 / 1.873.421.074 = 40.2 %

2. Степен на покриеност на нематер. и матер. влож. = (траен капитал + долгорочни обврски) / Нетековни средтсва = 766.781.591 / 1.241.994.733 = 61.73%

3. Степен на задолженост во однос на траен капитал = Вкупен долг / траен капитал = 1.119.406.387 / 753.953.507 = 148.47 %

4. Степен на задолженост во однос на вкупни сред. = Вкупен долг / вкупни средства = 1.119.406.387 / 1.873.421.074 = 59.75%

| | ЕКОНОМИЧНОСТ | | |
|---|---|---|---|
| | ОПИС | 2025 | 2024 |
| 1 | Однос меѓу приходите и расходите од работењето (во %) | 53.90 | 49.72 |
| 2 | Однос меѓу финансиските приходи и финансиските расходи (во %) | 1.61 | 7.98 |
| 3 | Однос меѓу редовните и финансиските приходи и редовните и финансиските расходи (во %) | 49.33 | 47.00 |

| | ЛИКВИДНОСТ | | |
|---|---|---|---|
| | ОПИС | 2025 | 2024 |
| 1 | Моментна ликвидност - однос меѓу паричните средства и хартиите од вредност и краткорочните обврски (во %) | 1.92 | 0.01 |
| 2 | Тековна ликвидност - однос меѓу тековните средства намалени за залихите и краткорочните обврски (во %) | 8.73 | 5.54 |
| 3 | Општа ликвидност - однос меѓу тековните средства и краткорочните обврски (во %) | 57.01 | 59.99 |

| | ЕФИКАСНОСТ | | |
|---|---|---|---|
| | ОПИС | 2025 | 2024 |
| 1 | Денови на врзување на залихите (цел број)-однос меѓу производот на вредноста на залихите и бројот на деновите во годината спрема приходите од редовното работење | 1,319 | 2,633 |
| 2 | Денови на врзување на побарувањата (цел број) - однос меѓу производот на вредноста на краткорочните побарувања и бројот на деновите во годината спрема приходите од редовното работење (цел број) | 186 | 267 |

Финансиската стабилност како соодност на трајниот капитал и вкупната пасива изнесува 40,2%, што е за 38.3 % повеќе во однос на 2024 година .

Степенот на покриеност на материјални и нематеријални вложувања со трајни и долгорочни извори во деловната 2025 изнесува 61.73% и во однос на 2024 година истиот е повисок за 52.73 %

Степените на задолженост на Фабриката искажани преку односот на вкупниот долг и трајниот капитал како и преку вкупните средства во 2025 година покажаа значително намалување.

Од сите погоре анализирани показатели на финансиската стабилност се гледа дека во 2025 година Фабриката има се уште проблеми со ликвидноста . Во изминатата година друштвото се обидуваше да одржи ниво на непречено плаќање на обврските што доспеваа. Побарувањата по сите основи се следат постојано и редовно се превземаат мерки и активности за нивна наплата. Фабриката превзема активности и за намирување на достасаните обврски кон добавувачите со што се обидува да воспостави финансиска рамнотежа помеѓу средствата од една и обврските од друга страна.

Макроекономските услови во кои друштвото ја остваруваше својата активност во текот на 2025та година беа условени од сложените геополитички односи, Војната во Украина. Економските последици ги чувствувавме секојдневно, низ инфлација, цените и намалената куповна моќ, опасноста од недостиг на прехрамбени производи, на енергенси и на суровини, што ја зголемуваше неизвесноста во функционирање на економијата. Резултат на таквата политичка и економска клима е непредвидливоста, економската нестабилност, несигурноста и не функционалниот систем.

Во потрага по оптимизам, во очекување на подобра иднина, во желба за предвидливост, но на крајот соочени со реалноста и демократската способност, помина уште една година. Некои ќе ја сметаат за успешна некои пак за неуспешна, но мора да се сложиме со заклучокот дека беше исклучително тешка година.

Во текот на ревизијата на финансиските извештаи за 2025 година, Грант Торнтон комуницираше со оние кои се задолжени за управувањето на Друштвото и достави писмена изјава за независност во која се потврдува дека тимот за ангажманот, Друштво за ревизија Грант Торнтон доо Скопје и фирмите членки на Грант Торнтон мрежата се придржувале до релевантните етички барања во однос на независноста.

Надоместоците за ревизија на законските финансиски извештаи на и за годината што завршува на 31 декември 2025 година изнесуваат од 339 илјади денари. Друштвото не

користеше не-ревизорски услуги обезбедени од Грант Торнтон и фирмите членки на Грант Торнтон мрежата.

ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР
М-р Марија Ивановска Николовски

Фабрика за заварени цевки и профили
11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво
Бр. 02-872
31.12.2025 год.
Куманово

Врз основа на член 384-а од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и 290/20), Извршниот директор на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, на ден 31.12.2025 година ја даде следната:

# ИЗЈАВА

## За примена на кодекс за корпоративно управување

Јас, долупотпишаната Марија Ивановска Николовски во својство на Извршен директор на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва, под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека:

Друштвото има донесено и имплементирано кодекс за корпоративно управување Бр.02-700 од 19.02.2021 година кој го применува во секојдневното деловно работење, чиј текст е јавно достапен во просториите на седиштето на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово на ул.11-ти Ноември бр.87А и на официјалната веб страна на друштвото www.fzc11oktomvri.com.mk .

Примената на кодексот за корпоративно управување во Друштвото има долгорочна стратегија за ефикасно корпоративно управување. Одборот на директори постојано го следи нејзиното остварување и обезбедува подобрување на работењето во насока на остварување на целите поставени со стратегијата. Општите акти на друштвото донесени од страна на Собранието на акционери и Одборот на директори ги утврдуваат квалитативните и квантитативните индикатори за исполнувањето на целите на стратегијата, се грижат за поддршка и организирање на активностите поврзани со корпоративното управување, организирање на состаноците на органите на надзор и управување и обезбедува правилна примена на Кодексот за корпоративно управување.

При деловното работење на друштвото не постои отстапување од правилата предвидени со кодексот за корпоративно управување.

Со оваа изјава ја потврдувам примената на Кодексот за корпоративно управување и принципите во истиот од страна на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово за деловната 2025 година и изјавата ја давам со цел да биде имплементирана во посебниот дел од Годишниот извештај за работењето на друштвото.

Извршен Директор
М-р Марија Ивановска Николовски

Фабрика за заварени цевки и профили Акционерско друштво 11 ОКТОМВРИ Куманово